Биро за развој на образованието
Арх. бр. 08-1354/4 од 26.7.2022 год.

# Наставна програма: Слободен изборен предмет Градење интерперсонални односи за IV одделение

## ОУ “Страшо Пинџур” Карбинци

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДМЕТОТ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет :** | Градење интерперсонални односи (Подрачје за поддршка на личен и социјален развој) |
| **Вид/категорија на наставен предмет:** | Изборен |
| **Одделение:** | IV ( четврто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма:** | • Слични и различни / 4 часа<br>• Потреби и вистински вредности / 9 часа<br>• Емоции / 5 часа<br>• Вербална/невербална комуникација и активно слушање / 7 часа<br>• Критичко размислување за меѓусебно разбирање / 11 часа |
| **Број на часови:** | 36/ 2 часа неделно |
| **Изготвил/адаптирал/преземено од:** | Тања Димитрова (програмата е самостојно креирана) |
| **Опрема и средства:** | Компјутер, ЦД плеер, проектор<br>Боички, ножици, лепило, хартија А4, хамер<br>Прирачник за образование за животни вештини (IV до VI одделение - основно училиште) – издавач Биро за развој на образование 2009г |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје од Националните стандарди : **Личен и социјален развој**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| **V-A.2** | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба; |
| **V-A.4** | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| **V-A.5** | да ги препознава емоциите кај себеси и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| **V-A.6** | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| **V-A.7** | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| **V-A.9** | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите; |
| **V-A.10** | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| **V-A.11** | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| **V-A.12** | успешно да се справува со социјални притисоци; |
| **V-A.13** | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| **V-A.14** | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| **V-A.15** | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |

| | |
|---|---|
| **V-A.16** | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| **V-A.18** | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| **V-A.19** | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| **V-A.20** | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| **V-A.21** | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| **V-Б.2** | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| **V-Б.3** | сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| **V-Б.4** | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| **V-Б.5** | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| **V-Б.6** | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| **V-Б.7** | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| **V-Б.8** | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| **V-Б.9** | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |

Наставната програма вклучува релевантни компетенции и од следното подрачје на Националните стандарди: **Општество и демократска култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| **VI-A.2** | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| **VI-A.3** | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |

| | |
|---|---|
| **VI-А.4** | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| **VI-А.5** | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| **VI-А.6** | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| **VI-А.7** | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| **VI-Б.1** | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| **VI-Б.2** | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| **VI-Б.3** | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| **VI-Б.4** | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општестото во целина; |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 1. Слични и различни**

***Знаења/вештини:***

- Знае дека постојат сличности и разлики помеѓу луѓето во физичкиот изглед, способностите и потеклото
- Знае дека луѓето се разликуваат меѓу себе според своето мислење и уверување
- Знае дека луѓето имаат различни потреби и интереси
- Може да ги препознае разликите меѓу луѓето во однеос на физички изглед, потекло и способности
- Може да го почитува мислењето и уверувањето на другиот и тогаш кога не се согласува со него

***Ставови/вредности:***

- Прифаќа дека постоењето разлики помеѓу луѓето е позитивна придобивка
- Прифаќа дека мислењето и уверувањето на другите треба да бидат уважени
- Прифаќа дека потребите и интересите на другите се еднакво важни како неговите/нејзините

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • Содржина: Прифаќање сличности и разлики<br><br>• Работилница: Дел по дел – сложувалка<br><br>• (прифаќање различности, почитување, чувство за припадност)<br><br>број на часови:1 | • Наставникот подготвува една голема сложувалка на поголем лист, а потоа го сече листот на онолку делови колку што има ученици во одделението.<br>Секое дете по случаен избор зема дел од сложувалкатаи на него се црта себеси (или дел од себе). По завршувањето сите делчиња ги ставаат во кутија, учениците застануваат во круг. Секој од учениците извлекува по еден дел од кутијата, го покажува и треба да погоди кој е на цртежот. Откако ќе погоди треба да каже  една работа по која тој и лицето на цртежот се слични, и една по која се различни.<br>Откако сите ќе завршат, ја составуваат сложувалката.<br>Учениците заклучуваат дека сите се посебни и различни (по изглед, особини, мислење и сл.), но секој претставува дел од сложувалката или човековата заедница. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: Прифаќање сличности и разлики<br><br>• Работилница: Можам,не можам / знам,не знам<br><br>• (прифаќање различности, почитување, чувство на припадност)<br><br>број на часови:1 | • Еден ученик прави прстен (круг со палецот и показалецот) и кажува дека од таа страна “може/знае” ...(кажува нешто за што има способност или знаење) , додека со другата рака прави прстен и кажува дека од таа страна “не може/не знае”. На секој од неговите прстени се надоврзува дете од групата. Децата прават синџир, така што на страната на која првото дете кажало “не можам/не знам” се надоврзува дете кое нештото може и знае да го направи и обратно од другата страна.<br>Учениците заклучуваат дека се разликуваат по знаењето или способноста нешто да направат. И дека така луѓето се надополнуваат и си помагаат, наспроти дискриминацијата заради различните способности и знаења. |
| • Содржина: Прифаќање сличности и разлики<br><br>• Работилница 1: Од важно, поважно<br><br>• Работилница 2: Или плакар или фотелја<br><br>• (прифаќање различности, почитување на туѓо мислење и избор)<br><br>број на часови:2 | • Активност 1: Учениците добиваат примерок од работен лист со наведени повеќе нешта. Тие имаат задача да издвојат кои три нешта за нив се најважни, притоа ги рангираат со броеви од еден до три.<br>Се распоредуваат во групи и секој ученик во групата го претставува својот избор. Групата заеднички констатира дали имаат повеќе сличности или повеќе разлики во направенот избор.<br>Заклучуваат дека различни луѓе гледаат различни работи, и различни работи ги сметаат за битни и важни. Што некому му е битно зависи од неговите интереси. Треба да се почитува изборот на другиот.<br><br>• Активност 2: Активноста се одвива во празна просторија. Наставникот дава инструкции дека учениците си замислуваат дека се парче мебел, не можат да зборуваат и можат да комуницираат невербално меѓу себе. Секој ученик си одбира кој дел од домашен мебел би сакал да биде. Движејќи се низ просторијата ги бара децата со помош на мимики и гримаси и движење со раце и тело кои го одбрале истото парче мебел. Истите парчиња мебел се групираат и заземаат место во просторијата ( каде обично стои дома мебелот).<br>На крај кога сите групи се позиционирани вербално разговараат и објаснуваат зошто го направиле изборот и го презентираат пред другите групи.<br>Заклучуваат дека помеѓу луѓето постојат сличности и разлики во поглед на тоа што го сметаат за битно и вредно. |

| Тема 2. Потреби и вистински вредности | |
|---|---|
| ***Знаења/вештини:*** | |
| • Ги знае предусловите за одржување на вистинско пријателство (искреност, доверливост, почитување, соработка...)<br>• Умее да дава позитивна поддршка на другарите<br>• Знае кои тајни се “добри”, а кои “лоши”<br>• Ги знае причините зошто луѓето лажат<br>• Ги знае негативните последици од лажењето<br>• Знае со што може да помага дома и во училиштето, и од кого може да побара помош<br>• Знае со кои потешкотии се соочуваат луѓето со посебни потреби<br>• Умее да помогне кога некој има потреба од помош<br>• Умее да оддаде признание за пружена помош<br>• Знае кои се последиците од погрешно преземени активности<br>• Прави разлика помеѓу намерни и ненамерни грешки<br>• Умее да прифати извинување кога некој друг му згрешил/а<br>• Знае за различни ситуации во кои на луѓето им е потребна помош и кога лично му/е потребна поддршка<br>• Умее да ги споделува своите интереси , потреби и проблеми со другите | |
| ***Ставови/вредности:*** | |
| • Согледува дека без меѓусебна поддршка, соработка, доверба и почитување нема другарство и пријателство.<br>• Согледува дека чувањето тајни го зајакнува пријателството, додека издавањето тајни го нарушува.<br>• Согледува дека кажувањето лага може да биде штетно за него/неа и другите<br>• Согледува дека лагата ја нарушува довербата<br>• Прифаќа дека хендикипираноста не е пречка за воспоставување и негување меѓусебни односи<br>• Го прифаќа извинувањето како предуслов за одржување на пријателски однос<br>• Согледува корист ос соработката и поддршката<br>• Убеден/а е дека со соработка и заедно со другиот може да се постигне повеќе | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |

| | |
|---|---|
| • Содржина: Формирање,одржување и прекинување врски<br><br>• Работилница: Цвеќе на пријателството<br><br>• (пријателство, доверба, отвореност, соработка, почитување)<br><br>број на часови:1 | • Учениците се делат во групи. Одговараат на прашањето што му е потребно на цвеќето за да расте. Наставникот им дава работен лист ”Цвеќе на пријателството” и им дава задача да напишат што му треба на цветот да расте ( доверба, пријателство, отвореност, соработка, почитување).<br>Заклучуваат дека ова се најважните особини за едно пријателство, за да започне, да се одржува и јакне. |
| • Содржина:Чување тајна<br><br>• Работилница: Чување тајни<br><br>• (чување добра тајна, доверливост, искреност)<br><br>број на часови:1 | • Учениците добиваат работен лист со прикажани ситуации, а тие треба да одлучат дали е секоја од претставените ситуации е добра или лоша тајна.<br>Заклучуваат дека има тајни кои се однесуваат на некое позитивно однесување или изненадување, тајна која нема да нанесе лоши последици и тие се “добри тајни” и треба да се чуваат. Додека тајните кои можат некому да наштетат се “лоши тајни” и не треба да се чуваат. |
| • Содржина:Кажување лаги/вистина<br><br>• Работилница: Зошто лажеме?<br><br>• (лага, вистина, искреност, чувства)<br><br>број на часови:1 | • Учениците добиваат работен лист со различни ситуации, размислуваат, одговараат и образложуваат.<br>Заклучуваат дека луѓето лажат од различни причини, но секогаш лагата е штетна и за оној кој ја кажува и за оној кој е излажан. |
| • Содржина: Давање и примање помош<br><br>• Работилница 1: Деца со посебни потреби | • Активност 1: Наставникот чита приказна за дете со со многу чудна пречка во развојот (имало едно око, и иако го доживувале различен од другите,  имал посебна дарба да забележува работи што другите не ги забележуваат) и поставува прашања .<br>Учениците одговараат и заклучуваат дека децата со попреченост не се помалку вредни и важни од останатите. Иако се ограничени во правењето одредени работи, тие можеби се добри другари, забавни личности, надарени за нешто и сл. |

| | |
|---|---|
| • Работилница 2: Лав и глушец<br><br>• (попреченост, почитување, поддршка, почитување различности, помагање, барање помош, оддавање признание)<br><br>број на часови:2 | • Активност 2: Наставникот ја чита басната за Лавот и глушецот и по читањето започнува дискусија со учениците за однесувањето на животните во приказната. Заклучуваат дека кога помагаме некому, голема е веројатноста дека и другите ќе ни помогнат кога ќе ни треба помош. Колку и да се чувствуваме моќни и силни понекогаш можеме да се најдеме во ситуација кога ќе имаме потреба од нечија помош.<br>Кога некој има потреба од помош, добро е да се помогне, а кога нам некој ќе ни помогне убаво е да се заблагодариме и да оддадеме признание. |
| • Содржина:Прифаќање и признавање грешки<br><br>• Работилница:Грешење и простување<br><br>• (грешење, простување, извинување, носење одлуки, одговорност за последици)<br>број на часови:1 | • Учениците споделуваат искуство кога се однесувале лошо кон некого, дали се покајале, како ја поправиле грешката. Добиваат работен лист со различни ситуации, размислуваат и даваат образложение за својата одлука.<br>Заклучуваат дека последиците од направена грешка можат да бидат различни, намерни или ненамерни. Првиот чекор по направената грешка е извинувањето, затоа што со простувањето (прифатено извинување) ќе се зачуваат добрите односи. |
| • Содржина: Меѓусебно поддржување и соработка<br><br>• Работилница: Тројца на еден<br><br>• (соработка, почитување, поддржување)<br>Број на часови:  1 | • Игра за загревање: Учениците се делат во две групи. Меѓу нив се поставува платно, на одреден знак двајца ученици доброволци го тргаат платното и веднаш треба да го кажат името на другарчето наспроти. Детето коа прво ќе го каже името е победник, а другото дете преминува во победничката екипа. Победник е екипата која ќе има повеќе членови.<br>Во текот на активноста учениците седат во круг, а во средина има клупа. На едниот крај од клупата има чаша, а на другата страна кутија. Излегува ученик доброволец со уште тројца ученици. Првиот ученик има задача со дување да ја помести чашата во кутијата, а потоа истата активност ја доделува на тројцата ученици кои заеднички треба да ја завршат работата.<br>Заклучуваат дека работите можат да се завршат самостојно и групно. Поефикасно, поуспешно и побрзо ќе се заврши доколку се работи групно. Затоа мора да постои соработка помеѓу членовите за остварување на заедничката цел. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: Решавање конфликти<br><br>• Работилница: Потреби<br><br>• (потреба, сигурност, љубов, пријателство, почитување, самоостварување, задоволување, конфликт)<br><br>број на часови: 2 | • Активност 1: Наставникот ги објаснува базичните потреби користејќи презентација на која се наведени и дефинирани потребите за преживување, за сигурност, за љубов и пријателство, за почитување и за самоостварување како потреби на сите луѓе.<br>Потоа учениците, поделени во групи, добиваат лист со куси описи на ситуации во кои се вклучени различни потреби (1 до 2) со задача да ги идентификуваат потребите кои се загрозени во секоја од наведените ситуации.<br>Откако дадените одговори ќе се усогласат со точните, се води отворена дискусија за тоа што правеле во текот на претходниот ден и кои потреби ги задоволиле на тој начин, а кои не им биле задоволени и зошто. Што предизвикало тоа кај нив и како реагирале? На крај се изведува заклучок дека конфликтот настанува кога сме спрчени во осстварувањето на нашите потреби.<br><br>• Активност 2: Наставникот чита различни ситуации:<br>Опис на ситуација во која едно дете мисли дека неговата потреба за љубов од родителите ја загрозува неговото помало братче/сестриче затоа што родителите му посветуваат повеќе време. Се води отворена дискусија за тоа како потребата за љубов може да биде задоволена на соодветен начин, без да ги загрози потребите на другите.<br>Потоа се чита опис на ситуација во која едно дете е прогласено за кукавица затоа што одбива да учествува во опасна игра со другарите.<br>Се води отворена дискусија за тоа како потребата за пријателство може да биде задоволена на соодветен начин, без да ги загрози другите потреби.<br>На крајот од учениците се бара да наведат слични ситуации од нивното секојдневие.<br>Од учениците, поделени во групи, се бара на работен лист со нацртани контури на балони да напишат што не би требало да прават во име на љубов и пријателство и тогаш кога некој ги предизвикува (на пример: лажење, крадење, пушење). Секоја група го презентира напишаното.<br>Потоа од истите групи ученици на друг работен лист со нацртани контури на цвеќиња се бара да напишат што би направиле за да добијат и да дадат љубов и пријателство (пример: давање подароци, играње заеднички игри, споделување сендвич). Секоја група го презентира напишаното.<br>Преку отворена дискусија се констатира дека постапките на луѓето предизвикани од различните потреби може да доведат до конфликти, но и дека преку почитување на потребите на другите може да се избегнат конфликтите. |

**Тема 3. Емоции**

***Знаења/вештини:***

- Знае кога лутината предизвикува негативно однесување
- Може да ја контролира сопствената лутина изразена кон други
- Може да се воздржува од несоодветна реакција на лутината/бесот изразени од други
- Ја изразува симпатијата кон други врсници

***Ставови/вредности:***

- Согледува дека непријатните емоции се пречка, а пријатните поттик во односите на луѓето
- Прифаќа дека луѓето може да бидат жртви на туѓиот бес/лутина неоправдано

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • Содржина: Препознавање и изразување на емоции<br><br>• (невербално изразување)<br><br>број на часови 1 | • Секој ученик добива лист со најмалку 10 кругови во кои треба да нацрта лице кое покажува како се чувствува оној/онаа кој се наоѓа во ситуацијата опишана под кругот (примери за ситуации: направил/направила најдобар тест, му/ѝ ги украле патиките, сам/сама гледа страшен филм дома, го/ја фатиле во лага, не му/ѝ го исполниле ветувањето, му/ѝ умрело домашното милениче, им помогнал/помогнала на родителите).<br>Учениците, поделени во групи, ги споредуваат нацртаните лица и заеднички идентификуваат кои чувства би требало да ги одразуваат нацртаните лица (пример: гордост, лутина, страв, засраменост, разочараност, тага, задоволство).<br>Секоја група ги презентира идентификуваните чувства и опишува како изгледаат лицата на тие што ги доживуваат наведените чувства. Потоа секоја група добива најмалку една од ситуациите за да ги претстави, освен со лицето и со целото тело, поставувајќи ги рацете, рамениците и нозете во соодветна положба или движејќи ги со соодветна гестикулација.<br>На крајот, преку отворена дискусија, се согледува дека луѓето се изразуваат и невербално – преку лицето и телото (без зборови).<br>Заклучуваат дека можеме да препознаеме како се чувствува некој и преку невербалните знаци кои ги испраќа со ликот и телото. Според изразот на лицето ( уста, веѓи, очо), според положбата на телото ( исправено, свиткано) и според интонацијата (зборува тивко, гласно).<br>Кај некои луѓе чувствата полесно се препознаваат, кај некои потешко. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: Справување со емоции<br><br>• Работилница: Симпа, симпа, ти и јас<br>• (емоции, симпатија)<br>број на часови: 1 | • Учениците си подаваат голем балон на кој е испишан зборот Љубов трудејќи се “љубовта” да лебди што повеќе во воздухот.<br>Учениците изработуваат срце од хартија и во него пишуваат една или повеќе карактеристики на симпатијата (реална или за,мислена) со тоа што не го пишуваат името. Можат да напишат и порака за симпатијата. Срцето го лепат на поголем хамер во вид на срце.<br>Заклучуваат дека е убаво чувството кога некој ни се допаѓа. Исто така е убаво кога ние сме нечија симпатија и тоа не прави среќни. |
| • Содржина:Справување со емоции<br><br>• Работилница:Однесување во лутина<br><br>• (конфликт, лутина, гнев, негативно однесување, изразување на лутина)<br>број на часови:1 | • Учениците се делат во групи. Секоја група добива работен лист со конфликтна ситуација и добива задача да замисли како се однесуваат ликовите од таа ситуација, а потоа треба ја одглумат истата ситуација.<br>Потоа добиваат работен лист со ситуации на деструктивно однесување и се повторува постапката.<br>Заклучуваат дека лутината и гневот кои се јавуваат во конфликтни ситуации, доколку не се контролираат, ги тера луѓето да се однесуваат деструктивно и негативно.Чувството на лутина не треба да се чува во себе, но треба да се изрази на начин кој нема да доведе до влошување на проблемот или конфликтот. |
| • Содржина:Справување со емоции<br><br>• Работилница:Напаѓачко однесување<br><br>• (лутина, решавање на конфликт)<br><br>број на часови:1 | • Наставникот чита текст со одредена ситуација ,учениците слушаат и дискутираат. Заклучуваат дека кога лутината е насочена кон нас ,често возвраќаме со лутина. Но треба да застанеме и да размислиме што го лути другиот, и дали можеме некако да му помогнеме. |
| • Содржина:Справување со насилничко однесување<br><br>• Работилница:Исмеаната Леа<br><br>• (навредување, исмејување, соодветна реакција)<br>број на часови:1 | • Наставникот чита приказна со ситуација во која девојчето е исмејувано и навредувано, дискутира со учениците. Учениците можат да ги одглумат ситуациите. Заклучуваат дека треба да им укажеме на другите дека нивните постапки не повредуваат и дека ако продолжат ќе им кажеме на повозрасните за да преземат мерки. |

| **Тема 4. Вербална/невербална комуникација и активно слушање** | |
|---|---|
| ***Знаења/вештини:*** | |
| • Знае кои се ефектите од користење на различните невербални знаци<br>• Знае дека брзината на говорот, интонацијата и држењето на телото влијаат врз вербалната комуникација<br>• Ги знае правилата на активно слушање<br>• Умее да користи вербална и невербална комуникација што имаат позитивно влијание врз односите со другите<br>• Умее да поставува прашање за разјаснување<br>• Расудува и донесува одлука за одредено прашање или тема<br>• Дискутира на дадена тема и изведува заклучок | |
| ***Ставови/вредности:*** | |
| • Согледува дека невербалната комуникација може да биде дел од вербалната, но и да се одвива независно<br>• Разбира како начинот на комуникација може да има позитивно или негативно влијание врз односите со другите<br>• Прифаќа дека треба прво да разбере што сака другиот, па потоа соодветно да реагира<br>• Прифаќа дека во група треба да соработува и да го слуша и почитува туѓото мислење различно од неговото | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |

| | |
|---|---|
| • Содржина: Комуницирање<br><br>• Работилница: Говорот на моето лице<br><br>• (чувства, невербална комуникација)<br>број на часови:1 | • Учениците добиваат работен лист со задача во кругот да нацртаат лице кое ќе покажува како се чувствува оној што се нашол во ситуација опишана под кругот. Треба да откријат кои чувства ги одразуваат нацртаните лица (радост,тага,разочарување,срам,страв,гадење). Потоа го поставуваат целото тело во позицијата опишана под кругот.<br>Заклучуваат дека можеме да комуницираме меѓусебно и со невербални знаци.Тие можат да ни помогнат во градењето добар однос со другите. |
| • Содржина:Комуницирање<br><br>• Работилница:Слушање и разбирање | • Група ученици се избираат да направат стоногалката, наредени во колона еден позади друг. Деловите од стоногалката се поврзани со јаже. Последното дете е глава и очи на стоногалката, додека на другите им се става превез на очите.Таа се движи по инструкции кои и ги дава главата,а другите внимателно слушаат. Стоногалката се движи по својата храна (еден од учениците) и на крај застануваат и проверуваат каде |

| | |
|---|---|
| • (активно слушање, добра комуникација)<br>број на часови:1 | се наоѓаат и дали телото на стоногалката се држи уште заедно или е одвоено (јажето е оптегнато).<br>Заклучуваат дека заедничките задачи полесно се завршуваат кога комуникацијата тече непречено во двете насоки. Многу е важно едната страна да дава прецизни насоки, а другата внимателно да слуша. |
| • Содржина:Комуницирање<br><br>• Работилница: Прашања за погодување<br><br>• (отворени прашања, информација, разговор, активно слушање, комуникација)<br>број на часови:1 | • Еден ученик седнува на средина во просторијата и замислува дека е определено животно. Околу него се собираат неколку ученика кои преку поставување на прашање треба да откријат кое е тоа животно.<br>При тоа прво поставуваат прашања од затворен тип( да-не )прашања, а потоа прашања од отворен тип ( што, како, кога, каде). Сега наместо со да и не ученикот одговара со цели реченици. Активноста се повторува со друга група ученици.<br>Заклучуваат дека многу полесно ќе се дојде до сакананата информација ако се поставуваат отворени прашања кои ги поттикнуваат луѓето да зборуваат за своите чувства и мисли. |
| • Содржина: Донесување одлуки во група<br><br>• Работилница: Моја одлука, твоја одлука<br><br>• (расудување, донесување заклучок)<br>број на часови:1 | • На секој ученик му се дава работен лист подготвен од наставникот(закон за права) со инструкции за работа да одбере 5 права од понудените на листот кои смета дека се најважни. Потоа се формираат парови кои заеднички избираат 5 најважни права. По неколку минуте се спојуваат по два пара(четворки) кои треба да се договорат со заедничка одлука<br>На крај секоја група ги презентира своите 5 најважни права и начинот на кои ги определиле.<br>Заклучуваат дека понекогаш кога учествуваат повеќе луѓе во донесувањето на одлуките тоа може да биде потешко и да одземе време за договарање. Но секогаш кога придонесуваме во групата со сопственото мислење се чувствуваме најубаво. |
| • Содржина:Дискусија<br><br>• Работилница: Ајде да гребеме автимобили<br><br>• Работилница: Пишување писмо<br><br>• Работилница: Како ќе пресудиш?<br><br>• (расудување, донесување одлука, оддолевање на притисок) | • Активност 1: Наставничката чита текст од работниот лист, го прекинува читањето и учениците кажуваат што мислат дека ќе се случи понатаму.<br>По читањето се отвора дискусија за постапките на децата, однесувањето, одговорноста за постапките. Учениците кажуваат примери кога самите се нашле во таква ситуација и како реагирале.<br>Заклучуваат дека никој не смее да биде принуден да прави нешто што не сака и не е соодветно. Секој треба да преземе одговорност за сопствените постапки и однесување.<br><br>• Активност 2: Наставникот чита текст со несоодветно однесување на децата (ликовите). Еден од ликовите дава несоодветен предлог за решавање на проблем и ги наговара другите да се служат со лаги. |

| | |
|---|---|
| број на часови:3 | Учениците се делат во две групи. Едната групаима задача да му напише писмо на ликот со несоодветно однесување во врска со неговите постапки. Другата група има задача да напише писмо до неговите другари.<br>Групата дискутира во вврска со напишаното. Пред сите ги образложуваат своите ставови и донесуваат заклучок.<br><br>• Активност 3: Наставникот чита кратки текстови во кои има прикажано несоодветно однесување на некој од ликовите ( се служи со манипулација, лага, навредува, се исмева). Учениците треба да размислат за прикажаните ситуации, кои се последиците од нив, на кој начин можат да се разрешат.<br>Секој ученик треба да даде свое мислење и да пресуди. Потоа во пар или мала група дискутира со другарчињата за начините како ќе се решат ситуациите. |

**Тема 5. Критичко размислување за меѓусебно разбирање**

***Знаења/вештини:***

- Прави разлика меѓу соодветно и несоодветно однесување и разбира како соодветноста на однесувањето е определена од ситуацијата во која се манифестира.
- Знае дека несоодветното однесување може да предизвика конфликт.
- Разбира како под влијание на другарите може да се предизвика штета на објекти и физичка и психичка повреда на други.
- Прави разлика меѓу пријателско и непријателско однесување во конфликтна ситуација.
- Може да ги препознае и прикаже различните емоции изразени на невербален начин.
- Донесува заклучок и извлекува порака од активноста
- Изнесува мислење, ставови и аргументи за одредена тема
- Критички и креативно размислува и донесува заклучоци

***Ставови/вредности:***

- Ја разбира важноста од преземањето одговорност за сопственото однесување.
- Верува дека соработката меѓу страните во конфликтот води кон праведно решение
- Го осудува напаѓачкото однесување како реакција на неконтролирана лутина.
- Прифаќа дека контролата на сопствената лутина е битна за избегнување или разрешување на конфликтите.
- Подготвен/подготвена е да презема активности за неутрализација на лутината на другата страна.
- Развива вештини за комуникација (слушање, зборување, пишување, небербални сигнали)
- Прифаќа дека треба да го почитува туѓото мислење, доколку сака да се почитува неговото/нејзиното
- Ја рзвива фантазијата, креатвното мислење и самодовербата

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • Содржина: Демонстрација/симулација<br>• (донесување заклучок, расудување, комуникација) број на часови: 1 | • Учениците се ставаат во ситуација да демонстрираат, симулираат самите одредена конкретна ситуација, случка или однесување. При тоа се прави реална атмосфера со вистински нешта, предмети, храна и сл.<br>Учениците развиваат логичко мислење и практични вештини. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: Глумење/играње улоги<br>• (ставови, мислење, емоции, самодоверба, оддолевање на притисок)<br><br>број на часови:3 | • Учениците добиваат улоги и глумат одреден лик со одредени карактерни особини. Еден од учениците може да биде водител на ТВ емисија, а гостин во студиото да биде друг ученик (тоа може да биде тивок,повлечен, ученик кој не се истакнува). Задачата или тема на емисијата е промовирање на личноста гостин, при тоа истакнувајќи ги само позитивните особини на ученикот. Тоа придонесува за негова афирмација и подигање на самодовербата. Можат да користат и разни реквизити. Преку драматизацијата и однесувањето на ликовите извлекуваат порака , ги анализираат ставовите, мислењата и емоциите, ја јакнат самодовербата.<br><br>• Учениците се делат во групи. Секоја група одбира ситуација која прикажува дека некој од нив потпаднал под влијание на групата врсници и една ситуација во која некој од нив бил иницијатор за несоодветно однесување на групата. Учениците ги драматизираат ситуациите и дискутираат за начинот на решавање на проблемот.<br><br>• На почеток на активноста наставникот чита кратки ситуации во кои група на деца се однесува несоодветно ( исмева, навредува, понижува) кон своето другарче. Учениците се делат во две групи. Едната група ја драматизира ситуацијата, а другата група ја следи драматизацијата. Кога ќе процени дека се случува нешто неприфатливо за нив, треба да викне СТОП и треба да ја заврши драматизацијата онака како што мислат дека е правилно. На крај образложуваат зошто нивниот избор е правилен. |
| • Содржина :Анализа на приказна<br>• (порака, расудување, аргументирање, ставови, мислење)<br>број на часови : 1 | • Учениците ја анализираат приказната/текстот, при што се обрнува внимание на постапките на ликовите, нивните чувства, ставови, однесување и сл. Извлекуваат порака од приказната.<br>Учениците се поттикнуваат да ја поврзат приказната со секојдневниот живот |
| • Содржина : Анализа на однесување и постапки<br>• Работилница: Лутина и напаѓачко однесување<br>• (преместување на лутината, контрола на сопствената лутина, неутрализирање на лутината на | • Наставникот чита приказна во која на симболичен начин е опишано како се проширува конфликтот со вклучување на нови страни поради поместувањето на лутината од причинителот на друг. Се води отворена дискусија преку која се идентификуваат страните во конфликтот и се анализираат последиците од нивното вклучување во конфликтот предизвикано од неможноста за контрола на лутината и гневот. Учениците, поделени во групи, ја претставуваат приказната во вид на стрип.<br><br>• На учениците им се презентираат најмалку две ситуации од секојдневието во кои е |

| | |
|---|---|
| другата страна)<br><br>број на часови: 4 | прикажано како некое дете е многу налутено затоа што некој или нешто го спречува да го прави тоа што сака да го прави во тој момент. По прочитување на секоја ситуација, од учениците, поделени во групи, се бара да смислат како би можело детето да реагира во таквата ситуација. Одговорите ги презентираат пред сите. Потоа наставникот ги презентира четирите основни начини на контрола на сопствената лутина (броење до 10, одложување, пишување пораки, замислување) и секоја група ученици смислува кој начин би можел да се примени за контрола на лутината во претходно опишаните ситуации. На крајот учениците наведуваат примери за ситуации од нивното искуство во кои би можеле да се применат понудените начини за контрола на сопствената лутина.<br><br>• Се чита опис на конфликтна ситуација каде што е прикажано напаѓачко однесување како причина и последица од предизвикана лутина. Во отворена дискусија се анализира како лутината предизвикана кај едната страна се манифестирала со напад кон другата, што предизвикало лутина кај другата страна и реакција во вид на напад и се нудат алтернативни постапки кои би придонеле да се избегне конфликтот. Од учениците, поделени во парови, се бара да се потсетат на слични ситуации од нивното искуство кога се лутеле еден на друг и да понудат поинаков пристап за избегнување на конфликтот што се случил или што би можел да се случи. Доброволци би можеле да ги изглумат ситуацииите пред сите.<br><br>• Наставникот чита опис на конфликтна ситуација каде што едно дете навредува друго (кое промашило гол поради што нивната екипа го загубила фудбалскиот натпревар) што предизвикало напаѓачко однесување од страна на навредeното дете. Потоа повторно ја чита приказната, но сега со очекување учениците да го прекинат секогаш кога ќе се случат постапки што го предизвикуваат и/или разгоруваат конфликтот. Во отворена дискусија се анализира конфликтот и заеднички се бараат постапки преку кои нападнатата страна би можела да го неутрализира напаѓачкото однесување предизвикано од лутината на другата страна и да доведе до разрешување или избегнување на конфликтот. На крај од учениците (индивидуално) се бара да наведат слични примери од нивното лично искуство. |
| • Содржина: Искажување мислење<br>• Работилница: Дебата<br>• (дебатирање, размислување, искажување мислење)<br>број на часови:1 | • Учениците се поделени во групи, а наставникот објавува тема на која ќе се разговара односно аргументира. Тоа значи дека една од групите ќе аргументира ЗА, а другата ПРОТИВ во врска со посочената тема.<br>Учениците изработуваат хамер (плакат) со Т-табела на која ги запишуваат аргументите за и аргументите против.<br>Заклучуваат дека своето мислење треба да го искажуваме без разлика дали е исто |

| | |
|---|---|
| | или различно со мислењето на соговорникот. Добро е нашето мислење да го поткрепиме со докази и аргументи , така вистински придонесуваме во разговорот и оставаме простор соговорникот да го искаже своето мислење. |
| • Содржина: Искажување мислење<br>• Работилница: Јас мислам дека...<br>• (дебатирање, размислување, искажување мислење, почитување, соработка)<br>број на часови:1 | • Наставникот чита краток текст во кој се прикажани добро и лошо однесување односно постапка. Учениците се делат во две групи, група ЗА и група Против. Секоја група зазема став и го брани своето мислење: Дали ликот (од текстот) постапил правилно и образложува зошто така мисли групата.<br>Заклучокот е дека треба да се почитува мислењето на другите, ако сакаме да се почитува и нашето мислење. |